**Please print the letter below and photocopy onto school letterhead before distribution**

Писмо до родителите во врска со неодамнешните настани во заедницата
Letter to parents regarding recent community events

Почитувани родители/старатели

Како одговор на неодамнешните настани во заедницата, вашето училиште ги презеде следните мерки.

Ги уверивме учениците дека училиштето ќе продолжи да биде безбедна средина за сите.  Ги потсетивме дека имаме правила за благосостојба на учениците и правила против расизам со кои се осигурува тие да добиваат поддршка ако бидат лично малтретирани.

Им дадовме можност на учениците да кажат како се чувствуваат и ги потсетивме дека тие може да му се обратат на школскиот советник или друг персонал во училиштето ако се загрижени или вознемирени. Секој ученик што има потреба од поддршка ќе продолжи да ја добива.

Ќе биде корисно ако разговарате со вашите деца за овие настани и ако ги поттикнувате да продолжат да бидат толерантни и да се грижат за сите луѓе, како во училиштето така и во пошироката заедница.

На децата кои се соочуваат со тешки ситуации им помага ако продолжат да се занимаваат со секојдневните работи и интереси.

Ако сте посебно загрижени за вашето дете, ве молиме контактирајте го училиштето и ќе добиете помош колку што е можно побрзо.

Ако ви треба преведувач за да ви помогне да се јавите во училиштето, ве молиме телефонирајте во Телефонската преведувачка служба на 131 450 и побарајте да зборувате со преведувач на вашиот јазик. Телефонистот ќе ве поврзе на линија со преведувач кој ќе ви помогне при вашиот разговор. Нема да ви наплатат за оваа услуга.

Со почит,

Директор (Principal)